# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Петок, 16 февруари 1968 Скопје
Број 5 Год. XXIV

Претплатата за 1968 год. изнесува 55 (5.500) дин. Овој број чини 2,00 (200) дин. Жиро сметка бр. 401-1-16.


**46.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

### УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО И ВОСПИТУВАЊЕТО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на образованието и воспитувањето,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор одржана на 30 јануари 1968 година и на седницата на Просветно-културниот собор одржана на 9 февруари 1968 година.

У. бр. 13
12 јануари 1968 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Мито Хаџи Василев,** с. р.

### ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО И ВОСПИТУВАЊЕТО

Член 1

Во Законот за финансирање на образованието и воспитувањето („Службен весник на СРМ“ бр. 9/67), точка 3 од член 32 се менува и гласи:

„3. 50% од делот од сојузниот данок на промет со стоки на мало и услуги што ѝ е отстапен на Републиката“.

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1968 година.

**47.**

Врз основа на член 15 од Законот за организирање на научните дејности („Службен весник на СРМ“ бр. 9/67), Собранието на СР Македонија, на седницата на Републичкиот собор одржана на 30 јануари 1968 година и на седницата на Просветно-културниот собор одржана на 9 февруари 1968 година, донесе

### ОДЛУКА

### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ СТАТУТОТ НА ЗАВОДОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СТОЧАРСТВОТО НА СР МАКЕДОНИЈА — СКОПЈЕ

I. Се потврдува Статутот на Заводот за унапредување на сточарството на СР Македонија — Скопје, донесен од Советот на Заводот за унапредување на сточарството на СРМ — Скопје на 20. X. 1967 година.

II. Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 12
12 февруари 1968 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Мито Хаџи Василев,** с. р.

**48.**

Врз основа на член 15 од Законот за финансирање на образованието и воспитувањето („Службен весник на СРМ“ бр. 9/67), Собранието на СР Македонија, на седницата на Републичкиот собор одржана на 16 ноември 1967 година и на седницата на Просветно-културниот собор одржана на 9 февруари 1968 година, донесе

### ОДЛУКА

### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ СТАТУТОТ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

I. Се потврдува Статутот на Републичката заедница на образованието Скопје, донесен од собранието на Републичката заедница на образованието на 28. VI. 1967 година.

II. Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 13
12 февруари 1968 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Мито Хаџи Василев,** с. р.

49.

Врз основа на член 8 став 2 од Законот за спречување и сузбивање на заразните болести („Службен весник на СРМ", бр. 9/67), републичкиот секретар за народно здравје и социјална политика донесува

## УПАТСТВО
## ЗА НАЧИНОТ НА ИМУНИЗАЦИЈАТА И КОНТРОЛАТА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИМУНИЗАЦИЈАТА ПРОТИВ ОПРЕДЕЛЕНИ ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

I. Имунизацијата против големата сипаница (Variola vera), активната туберкулоза (Tuberculosis activa), дифтеријата (Diphtheria), тетанусот (Tetanus), детската парализа (Poliomyelitis acuta) и големата кашлица (Pertussis) се врши на начинот пропишан за овие заразни болести во Правилникот за условите и начинот на вршењето задолжителна имунизација против заразните болести („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/65) и во ова упатство.

II. Со имунизацијата против заразните болести од претходната точка се опфаќаат децата веднаш по нивното раѓање според редоследот утврден со „Календарот на имунизирањата" (образец бр. 2). Секое новородено дете задолжително се имунизира веднаш кога ќе ја достигне определената возраст, во која што е индицирана определената вакцинација односно ревакцинација.

III. Имунизирањето според ова упатство го врши:

1. на сите деца до навршена 7-годишна возраст — диспанзерот за деца;

2. на сите деца и младинци од школска возраст — диспанзерот за деца од школска возраст.

Во местата во кои не постојат диспанзери од претходниот став имунизирањето го врши здравствената станица односно медицинската единица со постојанен лекар.

IV. Заради спроведување на имунизацијата во смисла на ова упатство:

1. Секоја здравствена установа односно медицинска единица што врши имунизација мора да има картотека за сите деца од својата територија;

2. Заради воведување во картотеката од претходната точка здравствената установа до 5-ти во месецот прибавува од територијалната матична служба список на родените и список на умрените деца во претходниот месец на територијата што ја опфаќа здравствената установа со следните податоци: име, татково име и презиме, ден, месец и година на раѓањето, место на раѓањето, место и адреса на постојаното живеење односно датум на смртта.

Списоците од претходниот став за град Скопје ги прибавува Градскиот завод за здравствена заштита и ги доставува до соодветните здравствени установи што вршат имунизација на неговото подрачје;

3. Здравствената установа до 10-ти во месецот ги распределува децата од заедничкиот список во посебни списоци што ги доставува до односните медицински единици што ја изведуваат имунизацијата на децата од претшколска возраст.

Медицинската единица од претходниот став сите списоци на родените од нејзиното подрачје ги сложува по месеци како што ги добива и во нив децата ги нумерира сукцесивно така да секое дете добие свој реден број, без оглед на бројот што го има во односниот список. Нумерирањето на новородените секоја година почнува од јануари од реден број 1 и се завршува заклучно со декември.

Списоците на децата сложени како во претходниот став медицинската единица ги чува како составен дел од картотеката и од картотечниот регистар.

4. Здравствената установа односно нејзината медицинска единица до крајот на истиот месец отвора „Картон на имунизираниот" (образец бр. 1) во два примерка со сите новородени деца во претходниот месец. Редниот број на списокот е реден број и на картонот. На двата примерка од картонот со црн молив се запишуваат датите на кои детето мора да биде вакцинирано односно ревакцинирано против сите болести предвидени за континуирана имунизација т.е. се прави индивидуален план за задолжителните вакцинации за секое дете од раѓањето па сѐ до возраста до која по постојните прописи за имунизација против заразните болести детето подлежи на истите според „Календарот на имунизирањата" (образец бр. 2) којшто е отпечатен на грбот на секој „Картон на имунизираниот".

5. Еден примерок од „Картонот на имунизираниот" се става во картотеката, а другиот превиткан на половина како „Легитимација за имунизирање" (образец бр. 3) му се дава на родителот причврстувајќи ја на односната здравствена легитимација. Потоа за секоја вака определена дата навремено писмено се известува родителот да го доведе детето. По извршената имунизација и по давањето на доза вакцина „Картонот на имунизираниот" се запишува датата со мастило, а за извршената имунизација на „Легитимацијата за имунизирање" се запишува датата со мастило и се оверува со потписот и факсимилот на лекарот.

6. Освен картотеката, здравствената установа води и картотечен регистар во кој се запишани децата по азбучен ред по името и кој ги содржи следните податоци: датата на раѓањето, адресата на постојаното место на живеење, редниот број на „Картонот на имунизираниот", како и сите податоци за извршените имунизации воведени во картонот (образец бр. 4).

7. Здравствената установа односно медицинската единица картоните на сите деца од своето подрачје кои се запишуваат во I одделение на основно училиште ги доставува до соодветниот диспанзер за деца од школска возраст односно до медицинската единица што врши имунизирање на децата од односното училиште.

Картоните од претходниот став се доставуваат со список на истите на потпис.

V. Републичкиот завод за здравствена заштита и Институтот за туберкулоза на СРМ (овој само по однос на имунизацијата против туберкулозата) контролата на резултатите од имунизацијата во Републиката ја вршат на тој начин што ги следат и евалуираат резултатите од имунизацијата од методолошка и од стручна гледна точка и тоа: навремено имунизирање и квалитетот на имунизирањето, обемот на опфатеноста на лицата што подлежат на односното имунизирање и процентот на постигнатиот индивидуален и колективен имунитет.

За извршената контрола на теренот установите од претходниот став доставуваат записник (составен на самото место на контролата) до: установата на чија работа е извршена контролата, општинскиот орган надлежен за работите на санитарната инспекција и до Републичкиот санитарен инспекторат.

Записниците од претходниот став по однос на имунизацијата против туберкулозата, покрај органите и установите од претходниот став, се доставува и до Институтот за туберкулоза на СРМ односно до Републичкиот завод за здравствена заштита.

Здравствената установа што врши имунизација во смисла на ова упатство доставува годишен извештај (образец бр. 5) и месечен извештај (образец бр. 6) за извршената имунизација до Републичкиот завод за здравствена заштита, а за извршената имунизација против туберкулозата и до Институтот за туберкулоза на СРМ.

Секоја здравствена установа што врши имунизација води дневник (образец бр. 7).

VI. Обрасците означени во ова упатство се составен дел од истото.

VII. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Републички секретар за народно здравје и социјална политика,
**Димитар Герасимовски,** с. р.

| Почетна буква на името ........ | КАРТОН НА ИМУНИЗИРАНИОТ | | Година |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | Име на таткото (мајката) .................................... | Реден број.............. |
| Место, ден, месец, и год. на раѓање | | Адреса ........................ | Изменета адреса .............................. |

| | ВАКЦИНАЦИЈА — датум | | | | РЕВАКЦИНАЦИЈА — датум | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | I | | II | | III | | IV | | V | |
| Туберкулоза | До 8 неделна возраст без тестирање | | Над 8 неделна возраст со тестирање | | I Тестирање и резултат | Ревакцинација | I Ретестирање и резултат | Ревакцинација | II Ретестирање и резултат | Ревакцинација | III Ретестирање и резултат | Ревакцинација | IV Ретестирање и резултат | Ревакцинација |
| | Вид, потек. и серија на вакцината | Доза I | Доза II | Доза III | | | | | | | | | | |
| Дифтерија | | | | | | | | | | | — | | — | |
| Тетанус | | | | | | | | | | | | | | |
| Пертусие | | | | | | | | | | | — | | — | |
| Детска парализа | доза I | доза II | доза III | | | | | | | | | | | |
| Голема сипаница | Вакцин. | Успех | Дополн. вакцин. | Успех | | | | | | | | | | |
| Мала сипаница | | | | | | | | | | | | | | |

(Формат 98 X 144 мм.) Обр. бр. 1

КАЛЕНДАР НА ИМУНИЗИРАЊАТА

| ВОЗРАСТ | | Вакцинација |
|---|---|---|
| МЕСЕЦИ | 1 | Вакцин. туберкулоза |
| | 2 | |
| | 3 | |
| | 4<br>5<br>6 | Дифтерија, тетанус, пертусис (3 дози) |
| | 4<br>5,5<br>7 | Детска парализа (Три дози тритипна вакцина) |
| | 8-9 | |
| | 10 | Голема сипаница |
| | 11-17 | |
| | 18 | I Ревакцин, дифтерија, тетанус, пертусис (една доза) |
| | 19 | |
| | 20 | I Ревакцин. детска парализа (тритипна една доза) |
| | 21-23 | |
| | 24 | I Ревакцин. туберкулоза |
| ГОДИНИ | 4 | II Ревакцин. детска парал. |
| | 5 | II Ревакцин. дифтерија, тетанус, пертусис (една доза) |
| | 6 | |
| | 7 | III Ревакцин. деска парализа<br>I Ревакцин. голема сипаница<br>II Ревакцин. туберкулоз. |
| | 8 | III Ревакцин, дифтер. тетанус |
| | 9-12 | |
| | 13 | IV Ревакцион. тетанус<br>III Ревакцин. туберкулоз. |
| | 14 | II Ревакцин. голема сипаница |
| | 15-18 | |
| | 19 | V Ревакцин. тетанус<br>IV Ревакцин. туберкулоз. |

(Формат 96 X 63,5 мм.) Обр. бр. 2

# ЛЕГИТИМАЦИЈА
## за имунизирање

Издала установа ............................................

Датум на издавањето и печат ............................

Потврда за имунизирање

| Имуниз. против и датум | Потпис и факсимил на лекарот | Имуниз. против и датум | Потпис и факсимил на лекарот |
|---|---|---|---|
| ............ | ............ | ............ | ............ |
| ............ | ............ | ............ | ............ |
| ............ | ............ | ............ | ............ |
| ............ | ............ | ............ | ............ |
| ............ | ............ | ............ | ............ |
| ............ | ............ | ............ | ............ |
| ............ | ............ | ............ | ............ |
| ............ | ............ | ............ | ............ |
| ............ | ............ | ............ | ............ |
| ............ | ............ | ............ | ............ |

(Формат 74 X 63 мм.) Обр. бр. 3

(2 листа-формат 209x209 мм) Образец бр. 4

| Група | Подгрупа | Рубрика | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Реден број | | | | |
| | | Бр. на карт. | | | | |
| | | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | | | | |
| | | Татково име | | | | |
| Т у б е р к у л о з а | | Ден, месец и год. на раѓање | | | | |
| Т у б е р к у л о з а | | Место на живеење ул. и број (село)) | | | | |
| Т у б е р к у л о з а | | Дата на вакцинацијата до 8 неделна возраст | | | | |
| Т у б е р к у л о з а | | Дата на тестирање | | | | |
| Т у б е р к у л о з а | | Резултат на тестирањето | | | | |
| Т у б е р к у л о з а | | Дата на вакцинацијата | | | | |
| Т у б е р к у л о з а | | Дата на I ретестирање | | | | |
| Т у б е р к у л о з а | | Резултат на I ретестирање | | | | |
| Т у б е р к у л о з а | | Дата на вакцинацијата | | | | |
| Т у б е р к у л о з а | | Дата на II ретестирање | | | | |
| Т у б е р к у л о з а | | Резултат на II ретестирање | | | | |
| Т у б е р к у л о з а | | Дата на вакцинацијата | | | | |
| Т у б е р к у л о з а | Серија на вакц. | Вакцинација | | | | |
| Т у б е р к у л о з а | Серија на вакц. | I ревакцинација | | | | |
| Т у б е р к у л о з а | Серија на вакц. | II ревакцинација | | | | |
| Д и ф т е р и ј а | | I доза | | | | |
| Д и ф т е р и ј а | | II доза | | | | |
| Д и ф т е р и ј а | | III доза | | | | |
| Т Е Т А Н У С П Е Р Т У С И С | Серија на вакцината | I доза | | | | |
| Т Е Т А Н У С П Е Р Т У С И С | Серија на вакцината | II доза | | | | |
| Т Е Т А Н У С П Е Р Т У С И С | Серија на вакцината | III доза | | | | |
| Т Е Т А Н У С П Е Р Т У С И С | | I ревакцинација | | | | |
| Т Е Т А Н У С П Е Р Т У С И С | | II. ревакцинација | | | | |
| Т Е Т А Н У С П Е Р Т У С И С | | III ревакцинац. | | | | |
| Т Е Т А Н У С П Е Р Т У С И С | | IV ревакцинација тетанус | | | | |
| Т Е Т А Н У С П Е Р Т У С И С | | V ревакцинација тетанус | | | | |
| Т Е Т А Н У С П Е Р Т У С И С | Серија на вакцината | I ревакцинац. | | | | |
| Т Е Т А Н У С П Е Р Т У С И С | Серија на вакцината | II ревакцинац. | | | | |
| Т Е Т А Н У С П Е Р Т У С И С | Серија на вакцината | III ревакцин. | | | | |
| Т Е Т А Н У С П Е Р Т У С И С | Серија на вакцината | IV ревакцин. тетанус | | | | |
| Т Е Т А Н У С П Е Р Т У С И С | Серија на вакцината | V ревакцинац. тетанус | | | | |
| Детска парализа Тритипна вакцина | | I доза | | | | |
| Детска парализа Тритипна вакцина | | II доза | | | | |
| Детска парализа Тритипна вакцина | | III доза | | | | |
| Детска парализа Тритипна вакцина | Серија на вак. | I доза | | | | |
| Детска парализа Тритипна вакцина | Серија на вак. | II доза | | | | |
| Детска парализа Тритипна вакцина | Серија на вак. | III доза | | | | |
| Детска парализа Тритипна вакцина | | Ревакцинација | | | | |
| Детска парализа Тритипна вакцина | | Серија на вакцинацијата | | | | |
| Голема сипаница | | Дата на вакцинацијата | | | | |
| Голема сипаница | | Успех | | | | |
| Голема сипаница | | Дата на ревакцинацијата | | | | |
| Голема сипаница | | Успех | | | | |
| Голема сипаница | | Дата на ревакцинацијата | | | | |
| Голема сипаница | | Успех | | | | |
| Голема сипаница | Серија на вак. | | | | | |
| Голема сипаница | Серија на вак. | | | | | |
| Голема сипаница | Серија на вак. | | | | | |
| Голема сипаница | | Дополнителна вакцинација | | | | |
| | Мала сип. | | | | | |
| Забел. | | | | | | |

Образец бр. 5
(формат 297 x 210 мм)

# ИЗВЕШТАЈ

за извршената имунизација против одредени заразни болести на подрачјето

на општината ____________ Социјалистичка Република Македонија во 19____ год.

| ИМУНИЗАЦИЈА ПРОТИВ | Бр. на лица кои подлежат на обавезна имунизација | | Вакцинирано | | | Ревакцинирано | Не е вакцинирано — ревакцинирано | | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вакцинирани | Ревакцинирани | I доза | II доза | III доза | | Поради болести | Од други оправдани причини | Неоправдано изостанале | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| Голема сипаница | | | | | | | | | | |
| Туберкулоза | | | | | | | | | | |
| Дифтерија и Тетанус | | | | | | | | | | |
| Дифтерија, Тетанус и Пертусис (пара-пертусис) | | | | | | | | | | |
| Тетанус | | | | | | | | | | |
| Детска парализа | | | | | | | | | | |
| Колера и жолта грозница | | | | | | | | | | |
| Трбушен тифус и паратифус | | | | | | | | | | |

Дата ____________ 19____ год.

Потпис на овластениот лекар

____________

Здравствена установа

Општина

Образец бр. 6
(Формат 295 х 207,5 мм)

Месец ..........................

Година ..........................

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## за имунизација

1. Број на родени деца во месецот ____________

| ДИФТЕРИЈА — ТЕТАНУС — ПЕРТУСИС | | | | | | | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вакцинација | | | Ревакцинација | | | | | |
| | | | Ди-Те-Пер | Ди-Те-Пер | Ди-Те | Те | Те | |
| I доза | II доза | III доза | I | II | III | IV | V | |
| | | | | | | | | |

| 3. ТУБЕРКУЛОЗА | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вакцинација | Ревакцинација | | | | | | | | | | | | |
| Бр. на вакцинир. по прв пат по 8 недел. возр. без. тестирање | Бр. на вакцин. по прв пат над 8 недел. возраст со тестирање | | | | I тестир. | | | I ревакц. | I ретест. | | | II ревакц. | |
| | Позитив | Негат. | Нечис. | Вак. | Позит. | Негат. | Нечис. | | Поз. | Нег. | Неч. | | |
| | | | | | | | | | | | | | |

| ТУБЕРКУЛОЗА | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ревакцинација | | | | | | | | | Забелешка |
| II Ретестир. | | | III ревак. | III ретестир. | | | IV ревакцин. | | |
| Поз. | Нег. | Нечит. | | Поз. | Нег. | Нечит. | | | |
| | | | | | | | | | |

| 4. ГОЛЕМА СИПАНИЦА | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вакцинација | | | I Ревакцинација | | | II Ревакцинација | | | Забелешка |
| Со успех | Без успех | Непоз. успех | Со успех | Без успех | Непоз. успех | Со успех | Без успех | Непоз. успех | |
| | | | | | | | | | |

| 5. ДЕТСКА ПАРАЛИЗА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вакцинација | | | Ревакцинација | | | Забелешка |
| I доза | II доза | III доза | I | II | III | |
| | | | | | | |

Година ....................

Место ....................................

(формат 236 X 181,5 мм)

# ДНЕВНИК ЗА ИМУНИЗАЦИЈА

| ВАКЦИНИ | | Денови во месецот | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | |
| Вакцинација | ДИФТЕРИЈА ТЕТАНУС ПЕРТ.<br>I доза | | | | | | | | | |
| | II доза | | | | | | | | | |
| | III доза | | | | | | | | | |
| | ГОЛЕМА СИПАНИЦА<br>Со успех | | | | | | | | | |
| | Без успех | | | | | | | | | |
| | Непознат успех | | | | | | | | | |
| | ТУБЕРКУЛОЗА<br>а) Прво вакцинирање до 8 неделна возраст без тестирање | | | | | | | | | |
| | б) Прво вакцинирање над 8 неделна возраст со тестирање | | | | | | | | | |
| | Позитивно | | | | | | | | | |
| | Негативно | | | | | | | | | |
| | Нечит. | | | | | | | | | |
| | Вакцинирани | | | | | | | | | |
| | ДЕТСКА ПАРАЛИЗА<br>Доза I | | | | | | | | | |
| | Доза II | | | | | | | | | |
| | Доза III | | | | | | | | | |
| Ревакцинација | ДИФТЕРИЈА-ТЕТАНУС-ПЕРТ.<br>I Ди-Те-Пер | | | | | | | | | |
| | II Ди-Те-Пер | | | | | | | | | |
| | III Ди-Те | | | | | | | | | |
| | IV Те | | | | | | | | | |
| | V Те | | | | | | | | | |

Образец 7

(формат 255,5 X 181,5 мм)

| | | Денови во месеци | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ревакцинација | Голема сипаница<br>I РЕВАКЦИНАЦИЈА<br>со успех | | | | | | | | | |
| | Без успех | | | | | | | | | |
| | Непоз. успех | | | | | | | | | |
| | II РЕВАКЦИНАЦИЈА<br>со успех | | | | | | | | | |
| | без успех | | | | | | | | | |
| | Непоз. успех | | | | | | | | | |
| | Туберкулоза<br>I ТЕСТИРАЊЕ<br>Позитивно | | | | | | | | | |
| | Негативно | | | | | | | | | |
| | Нечит. | | | | | | | | | |
| | I РЕВАКЦИНАЦИЈА | | | | | | | | | |
| | I РЕТЕСТИРАЊЕ<br>Позитивно | | | | | | | | | |
| | Негативно | | | | | | | | | |
| | Нечит. | | | | | | | | | |
| | II РЕВАКЦИНАЦИЈА | | | | | | | | | |
| | II РЕТЕСТИРАЊЕ<br>Позитивно | | | | | | | | | |
| | Негативно | | | | | | | | | |
| | Нечит. | | | | | | | | | |
| | III РЕВАКЦИНАЦИЈА | | | | | | | | | |
| | III РЕТЕСТИРАЊЕ<br>Позитивно | | | | | | | | | |
| | Негативно | | | | | | | | | |
| | Нечит. | | | | | | | | | |
| | IV Ревакцинација | | | | | | | | | |
| | Детска парализа<br>I РЕВАКЦИНАЦИЈА | | | | | | | | | |
| | II РЕВАКЦИНАЦИЈА | | | | | | | | | |
| | III РЕВАКЦИНАЦИЈА | | | | | | | | | |

50.

Врз основа на член 3 и член 55 став 1 точка 4 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ", број 24/65, 57/65, 29/66 и 52/66), а во согласност со Заклучокот на Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување, донесен на седницата, одржана на ден 9. XII. 1966 година, Директорот на Републичкиот завод за социјално осигурување — Скопје и Здружението на професионалните возачи сопственици на патнички автотакси — Скопје склучуваат

# ДОГОВОР

## ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ВОЗАЧИТЕ

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој договор се воспоставува и регулира задолжителното социјално осигурување на возачите во СР Македонија, членови на Здружението на професионалните возачи сопственици на патнички авто-такси (понатака во текстот: Здружението) и членовите на нивните семејства.

Член 2

Како возачи, во смисла на овој договор, се сметаат физичките лица, кои во вид на единствено или главно занимање врšат јавен друмски патнички превоз или превоз на ствари со сопствени авто-такси или теретни моторни возила.

Под условите од овој договор можат да се осигурат и професионалните возачи сопственици на авто-такси и моторни друмски возила од територијата на СР Македонија, кои не се членови на Здружението.

Член 3

Возачот се здобива со својство осигуреник според овој договор со денот на уписот на неговата дејност во регистарот на возачите кој се води кај надлежниот орган, ако пријавата за социјално осигурување се поднесе на надлежниот комунален завод за социјално осигурување во срок од 8 дена од денот на уписот, односно од првиот ден на месецот по истекот на месецот во кој пријавата е поднесена.

Својството на осигуреник на возачот престанува со бришењето на неговата дејност од регистарот.

Својството на осигуреник на возачот не му престанува за време на привремена обустава на работа до една година, ако обврзникот продолжи за тој период редовно да ги плаќа придонесите.

Член 4

Возачите и членовите на нивните семејства имаат право на здравствено, инвалидско и пензиско осигурување во обем и под условите од Основниот закон за здравственото, инвалидското и пензиското осигурување, пропишани за лицата во работен однос, доколку со одредбите од спомenатите закони, што се однесуваат на лицата, што вршат самостојна дејност, и со овој договор не е поинаку определено.

Член 5

Здравственото осигурување на возачите според овој договор, се обезбедува во рамките на комуналната заедница на социјалното осигурување на работниците на чија територија се наоѓа седиштето на органот при кој е извршена регистрација на превозничката дејност на возачот, а инвалидското и пензиското осигурување во рамките на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците на Социјалистичка Република Македонија.

### ПАРИЧЕН ИЗНОС НА ОСИГУРУВАЊЕТО

Член 6

Паричниот износ на осигурувањето на возачите според овој договор се утврдува

| при основицата за придонесот од личен доход од превозничка дејност во претходната година | на динари: |
|---|---|
| до 2.800 дин. | 350 динари |
| од 2.800,01 до 3.500 дин. | 400 динари |
| од 3.500,01 до 4.200 дин. | 450 динари |
| од 4.200,01 до 5.000 дин. | 500 динари |
| преку 5.000 дин. | 600 динари |

Осигуреникот, кој нема повеќе од 30 години (маж) односно 25 години (жена) признат пензиски стаж, по неговото барање, се распоредува во повисок паричен износ во рамките на претходниот став.

Осигуреникот, кој има 35 години (маж), односно 30 години (жена) признат пензиски стаж, по неговото барање, се распоредува во понизок паричен износ во рамките на првиот став од овој член.

Член 7

За годината, во која возачот се здобива со својство осигуреник, тој се распоредува во најнизок паричен износ на осигурувањето од членот 6 на овој договор, доколку не побара да биде распореден во некој од повисоките износи.

За втората година на дејноста на возачот паричниот износ на осигурувањето се изнајдува од основицата за придонесот од личен доход на возачот, утврдена по истекот на првата година на неговата дејност, пресметана сразмерно за целата година.

### ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 8

Надоместокот на личниот доход во случај на времена неспособност за работа му припаѓа на возачот сметано од шеесет и првиот ден од непрекинато траење на неспособноста.

Надоместокот од претходниот став не му припаѓа на возачот ако за време на траењето на времената неспособност неговото возило се употребува за превоз на патници односно ствари.

Член 9

Надоместокот на личниот доход во случај на времена неспособност за работа се определува според месечниот просек од збирот на паричните износи на осигурувањето од членот 6 на овој договор, што служеле како основица за плаќање на придонесите за социјално осигурување за календарската година, што претходила на годината во која настанала времената неспособност за работа на возачот.

Доколку возачот немал обврска за плаќање на придонесите за цела календарска година пред настапувањето на времената неспособност за работа, месечниот просек на паричните износи се изнајдува од збирот на износите, што служеле како основица за плаќање на придонесите во месеците непосредно пред настапувањето на неспособноста за работа.

Член 10

Одредбите од членот 50 став 1, од членот 51 став 1 и од членот 71 на Основниот закон за здравственото осигурување нема да се применуваат на осигурениците од овој договор.

Член 11

Користењето на правата од здравственото осигурување, според овој договор, не може да започне ако придонесите за сите гранки на осигурувањето на осигуреникот не се уплатени до крај на месецот

по истекот на месецот во кој придонесите стасале за плаќање.

Во случај од претходниот став не се запира користењето на правата отпочнати пред стасаноста на неуплатените придонеси.

Запреното користење на правата се воспоставува за понатаму од денот на подмирувањето на сите стасани придонеси.

## ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 12

Возачите се осигурени за сите случаи на инвалидност, предвидени со Основниот закон за инвалидското осигурување, опасност од настапување на инвалидност во врска со вршењето на возачка дејност и случаите на телесно оштетување.

Член 13

Професионална рехабилитација и запослување на возачите се обезбедува за работните места од III категорија во смисла на членот 96 на Основниот закон за инвалидското осигурување.

Осигуреникот, кој е распореден во износ повисок од износот на осигурувањето што одговара на неговата основица за придонесот од личен доход (член 6 од овој договор), му се обезбедува професионална рехабилитација и запослување на работно место од II категорија, ако износот на осигурувањето на осигуреникот за три години непосредно пред настапувањето на инвалидност изнесувал просечно месечно најмалку 30% повеќе од просекот на износите што во тој период би му одговарал според неговите основици за придонесот од личен доход.

## ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 14

Покрај пензинскиот стаж на возачот од членот 121 точка 1 и 3 од Основниот закон за пензиското осигурување, на возачот ќе му се признае во таков стаж и времето на вршењето самостојна дејност пред почетокот на неговото осигурување според овој договор, под услов таков стаж да биде откупен.

Откупувањето на стажот во смисла на претходниот став се врши со плаќање придонес за инвалидското и пензиското осигурување, со што се обезбедува година стаж за година плаќање на овој придонес.

Откупот може да се забрза со плаќање на придонесот во повисок износ за време скратено во сразмера на висината на плаќањето на откупниот придонес.

Времето на откупниот стаж ќе се смета од почетокот на првата уплата на откупниот придонес наназат.

## ПРИДОНЕСИ

Член 15

Возачите ги плаќаат придонесите за социјално осигурување пропишани за гранките за кои се осигурени.

Член 16

За плаќање на придонесите за социјално осигурување како основица служи паричниот износ на осигурувањето од членот 6 на овој договор, во кој возачот е индивидуално распореден според членот 20 став 2 односно членот 21 на овој договор.

Член 17

Возачите ги плаќаат придонесите за социјално осигурување според стопите, определени од надлежниот орган за социјалното осигурување за лицата во работен однос, пресметани за примена на нето износ на осигурувањето.

Месечниот износ на придонесите се пресметува со примена на стопите, пропишани според претходниот став, на износот на осигурувањето од членот 6 на овој договор.

Член 18

Обврзник на придонесите според овој договор е возачот и тој истите ги плаќа сам.

Член 19

Придонесите се плаќаат на комуналниот завод за социјално осигурување на чие подрачје се наоѓа седиштето на органот при кој е извршена регистрација на дејноста на возачот.

## ПОСТАПКА

Член 20

Правата од осигурувањето, според овој договор, може да ги остварува возачот на кој му е признато својство на осигуреник.

Својството на осигуреник се утврдува врз основа на пријавата за осигурување со решение на комуналниот завод за социјално осигурување на чие подрачје се наоѓа седиштето на органот при кој е извршена регистрација на дејноста на возачот.

Член 21

Пријавата за осигурување, пријавата за промените во текот на осигурувањето што се од влијание за правата и обврските на возачот, како и одјавата на осигурувањето ги поднесува на комуналниот завод за социјално осигурување здружението.

Пријавите од претходниот став се поднесуваат во срок од 8 дена од денот на уписот односно бришењето од регистарот односно денот на настапувањето на околноста од влијание за правата и обврските на возачот.

Решението за признавање својство на осигуреник, за промените во правата и обврските на осигуреникот и за престанокот на осигурувањето се доставува на возачот и на Здружението.

Со решението за признавање својството осигуреник возачот се распоредува во соодветен паричен износ на осигурувањето според членот 6 на овој договор.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 22

Во срок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој договор Здружението ќе поднесе пријави до надлежниот комунален завод за социјално осигурување за сите свои членови за здравствено, инвалидско и пензиско осигурување.

Член 23

Придонесите за социјално осигурување според овој договор за лицата, затечени како регистрирани возачи на денот на влегувањето во сила на овој договор, ќе се плаќаат почнувајќи од првиот ден на месецот по месецот во кој овој договор ќе влезе во сила.

Член 24

Со денот на влегувањето во сила на овој договор престанува да важи Договорот за здравствено осигурување на професионалните возачи сопственици на патнички авто-такси („Службен весник на СРМ“ бр. 3/66).

Член 25

Овој договор стапува во сила со денот на потпишувањето.

ДОГОВАРАЧИ:

За Здружението на професионалните возачи сопственици на патнички автотакси — Скопје
Претседател,
**Тошо Коцев,** с. р.

За Републичкиот завод за социјално осигурување
Директор,
**Душко Ѓорѓиев,** с. р.

Здружение на професионалните возачи сопственици на патнички автотакси — Скопје
Бр. 40-II
23. I. 1967 година
Скопје

Републички завод за социјално осигурување
Бр. 01-399/1
8. XII. 1967 година
Скопје

51.

Уставниот суд на Македонија по одржаната јавна расправа на 26 јануари 1968 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА предлогот на работната заедница на Деловница Ш за промет со текстил на големо на Трговското претпријатие за промет со универзални стоки на големо и мало „Интерпромет" во Скопје да се утврди дека се повредени самоуправните права на работните луѓе на Деловницата со Одлуката бр. 326 од 10 декември 1966 година на работничкиот совет на ова претпријатие во делот со кој е одлучено дел од работниците од расформираната работна единица шпедиција да се распоредат на работа во оваа деловница.

2. Се утврдува дека не се спротивни на Уставот на СР Македонија одлуките на работничкиот совет на Трговското претпријатие за промет со универзални стоки на големо и мало „Интерпромет" во Скопје бр. 289 од 28 јуни 1966 година и бр. 30 од 5 јули 1967 година со кои е утврден процентот од доходот со кој работните единици на ова претпријатие ги покриваат трошоците на работење на работната единица Заеднички служби.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СР Македонија", како и во работната организација на начин предвиден во чл. 256 од Статутот на Претпријатието „Интерпромет" во Скопје.

4. Собирот на работните луѓе на Деловница Ш на Трговското претпријатие „Интерпромет" во Скопје во предлогот поднесен до Уставниот суд, побара да биде поништена одлуката на работничкиот совет на ова претпријатие бр. 326 од 10 декември 1966 година поради тоа што со таа одлука е определено 12 работници од расформираната работна единица Шпедиција да се приклучат кон оваа работна единица. Тие сметаат дека со таква одлука им се нарушени самоуправните права утврдени во чл. 23 и 41 од Статутот на Претпријатието.

Истовремено работните луѓе од Деловницата Ш побараа Уставниот суд на Македонија да ги поништи одлуките на работничкиот совет на Претпријатието бр. 289 од 28 јули 1966 и бр. 30 од 5 јули 1967 година. Ова поради тоа што во тие одлуки се утврдува процентот од доходот со кои работните единици на ова претпријатие ги покриваат трошоците на работната единица Заеднички служби што по мислење на Деловницата Ш, било спротивно со член 152 и 153 од Статутот на Претпријатието.

5. Уставниот суд на Македонија, по одржаната јавна расправа, одлуката ја донесе поради следните причини:

а) Во Статутот на Претпријатието „Интерпромет" се утврдени самоуправни права на работните единици и се определени прашања чие што вршење во заеднички интерес на претпријатието, работните луѓе, во склад со Уставот и законите, им ги довериле на органите на претпријатието. Во тој статут е определено дека работните единици ги имаат сите овластувања во однос на прием, распоредување и престанок на работниот однос на работните луѓе, како и право да утврдуваат систематизација и планови за нужниот кадар во нивните рамки. Меѓутоа, овие самоуправни права на работните единици утврдени во членовите 23 и 41 од Статутот во истиот статут, се ограничени само во случај на донесување одлуки за расформирање на работните единици. Впрочем, во член 20 став 3 од Статутот е предвидено право на работничкиот совет на Претпријатието истовремено со донесувањето одлуки за укинување на работните единици да одлучи и за приклучување на работните луѓе од укинатата работна единица кон другите работни единици на ова претпријатие.

Користејќи го правото од наведениот член 20 став 3 на Статутот, работничкиот совет на претпријатието ја донесе нападнатата одлука бр. 326. Оваа одлука, донесена во согласност со Статутот на Претпријатието, не може да се смета како спротивна на Уставот на СР Македонија. Во тој Устав (член 65 став 2) е определено дека работните луѓе во статутите на работните организации самостојно ги определуваат делокругот и одговорноста на органите на управување, како и положбата на работните единици и правата на работните луѓе во управувањето со тие единици. Со оглед на тоа што работните луѓе при донесувањето Статутот на претпријатието, предвиделе работничкиот совет да одлучува за приклучување на работните луѓе од укинатите работни единици кон другите единици на претпријатието, очигледно е дека тоа право работните луѓе го сметале за право што, во нивни заеднички интерес, треба да го вршат органите на претпријатието. Спрема тоа, работничкиот совет, донесувајќи ја нападнатата одлука бр. 326, во согласност со Статутот не ги повредил самоуправните права на работните луѓе во работните единици.

б) Уставниот суд на Македонија, по разгледувањето на одредбите на Статутот на Претпријатието „Интерпромет", констатира дека тие предвидуваат можност работните единици, во воспоставување деловна соработка, да склучуваат и меѓусебни договори. Меѓутоа, по тој повод Уставниот суд го констатира и фактот дека, во Статутот на претпријатието, склучувањето меѓусебни договори за соработка помеѓу работните единици не е единствен начин за воспоставување нивни меѓусебни односи. Односи помеѓу работните единици се воспоставуваат и врз основа на извршувањето на заеднички планови и задачи добиени од органите на претпријатието во општите акти на тие органи. Посебно во Статутот е содржана и изречна одредба дека, процентот што се издвојува од доходот на работните единици за формирање на доход за работната единица заеднички служби, се определува со Правилникот за распределба на доходот на претпријатието (член 176 од Статутот). Бидејќи точно со одлуките бр. 289 и бр. 30 е определен наведениот процент, Уставниот суд на Македонија не го усвои барањето на работната единица Деловница Ш да ги поништи овие одлуки на работничкиот совет. Ова до толку повеќе што определувајќи ги меѓусебните односи во Статутот на работната организација работните луѓе, согласно Уставот (член 65 став 2) слободно утврдуваат рамки за овластувањата на работната организација и нејзините работни единици.

Оваа одлука е донесена на седница на Уставниот суд на Македонија, одржана на 1. II. 1968 година.

У. бр. 57/67
13 февруари 1968 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Перо Коробар**, с. р.

---

По извршеното сравнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Законот за ревалоризација на средствата на работните организации од општествените дејности, објавен во „Службен весник на СРМ" бр. 42/67, се поткраднала грешка, поради што се дава

## ИСПРАВКА

**на Законот за ревалоризација на средствата на работните организации од општествените дејности**

Во член 7, ставот 3 треба да биде Член 8.

Број 30
8 февруари 1968 година
Скопје

ОД ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНАТА
КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО
НА СРМ

По извршеното сравнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Законот за стопите на амортизацијата и за користењето на средствата на амортизацијата во работните организации од општествените дејности, објавен во „Службен весник на СРМ“ бр. 42/67, се поткраднала грешка, поради што се дава

ИСПРАВКА

на Законот за стопите на амортизацијата и за користењето на средствата на амортизацијата во работните организации од општествените дејности

Во член 4, став 1 алинеја 3, наместо зборовите „со 25%“ треба да стојат зборовите „до 25%“.

Број 139
8 февруари 1968 година
Скопје

ОД ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНАТА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор по тужбата на тужителот Коста Костовски од Скопје, ул. „Кочо Рацин“ бр. 75-I/3, против тужената Костовска Ана, со непознато место на живеење, за развод на брак. Вредност на спорот 500 нови динари.

Се поканува тужената Костовска Ана, во срок од 30 дена да се јави лично во судот, или да ја достави сегашната своја адреса.

Доколку во одредниот срок не се јави, ќе ѝ се постави привремен старател во смисла на чл. 77 и 78 од ЗПП, кој ќе ја застапува во бракоразводниот спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 68/68. (10)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ПРИЛЕП

При Општинскиот суд во Прилеп, се води постапка за докажување загубено свидетелство за завршено IV одделение основно училиште през учебната 1936/37 година на име Текешаноски Амет Исмаил од с. Канатларци.

Се поканува секое лице што го има најдено или го пронајде горенаведеното свидетелство, да соопшти на Општинскиот суд во Прилеп, во срок од 3 месеци по објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“.

Од Општинскиот суд во Прилеп, Р. бр. 1139/67. (5)

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 8-IV-1967 година, страна 357, реден број 2 е запишано престанувањето со работа на Продавницата од Радовиш на Трговското претпријатие за промет со чевли и производи од гума, каучук и пластични маси на големо „Рефлекс“ Белград.

Основните и обртните средства од продавницата ги презема основачот „Рефлекс“ — Белград.

Престанувањето со работа на Продавницата „Рефлекс“ — Радовиш е запишано во регистарот врз основа одлуката од 28-XII-1967 година на „Рефлекс“ — Белград.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 103/67. (690)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 14-III-1967 година страна 398, реден број 13 е запишано основањето на Колонијалната продавница, со седиште во село Костурино, Струмичко. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на животни намирници и предмети за кујни потреби и мешовити индустриски стоки.

Раководител на продавницата е Атанас Манев Клепов, кој не е овластен да ја потпишува, бидејќи потпишувањето ќе го врши директорот на основачот — Трговско претпријатие на големо за промет со индустриски стоки „Задругар“ од Струмица.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 02-536/1 од 13-II-1967 година на работничкиот совет на претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 61/67. (694)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 6-IV-1967 година, страна 131, реден број 4 е запишано проширувањето на предметот на работењето на Градското трговско претпријатие за отпадоци „Отпад“ од Струмица уште со промет со следните трговски струки: мешовити индустриски стоки, моторни возила и разни машини и алати и комисион.

Проширувањето на предметот на работењето на претпријатието е запишано во регистарот врз основа одлуката бр. 152 од 23-III-1967 година на работната заедница на истото.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 91/67. (711)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 15-IV-1967 година страна 363, реден број 2 е запишана промената на досегашниот в.д. директор на Комерцијалната банка од Струмица Панде Филчев, на чие место за директор е именуван Ѓорѓи Тушев Марков.

Промената на директорот е запишана во регистарот врз основа одлуката бр. 30 од 22-II-1967 година на собранието на банката.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 122/67 (713)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 10-III-1967 година страна 275, реден број 3 е запишано проширувањето на дејноста на Трговското претпријатите на големо и мало „Снабдител“ од село Ново Село, Струмичко уште со:

— откуп на земјоделски производи; кожа, волна, жива стока, клање и продажба на месо;

— набавка на сите видови семиња, репродукциони материјали (вештачки ѓубрива).

Проширувањето на дејноста е запишано во регистарот врз основа одлуката бр. 01-120/1 од 6-III-1967 година на работничкиот совет на претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 75/67. (714)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 9-II-1967 година, страна 385, реден број 2 е запишана промената на досегашниот в.д. раководител на Конфекцијата „Македонка“ — Штип — Продавница број 1 во Струмица, Рајна Клонкова, на чие место за раководител е назначен Борис Никола Смилков.

Промената на раководителот е запишана во регистарот врз основа решението бр. 37/РС од 25-XI-1966 година на работничкиот совет на „Македонка“ — Штип.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 283/66. (717)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните рег. бр. 437, страна 591, книга II е запишано следното: Дејноста на Земјоделското стопанство „Гевгелиско Поле" — Гевгелија се проширува и со кооперирање со приватни земјоделски производители и промет со земјоделски производи, согласно одлуката бр. 425/1 од 1-IV-1967 година на работничкиот совет и елаборатот за економска оправданост.

Од Окружниот стопански суд во Скопје Фи. бр. 362 од 21-IV-1967 година. (763)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните рег. бр. 113, страна 933, книга I е запишано следното: Дејноста на Индустриско-крзнарското кожарско претпријатие „Илинден" — Куманово се проширува и со: откуп и промет на сурова кожа и волна од индивидуалните производители и работни организации и текстилна конфекција и галантерија, согласно одлуката број 206 од 7-IV-1967 година на работничкиот совет и елаборатот за економска оправданост.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 379 од 21-IV-1967 година. (765)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните рег. бр. 894, страна 171, книга II е запишано следното: Седиштето на Претставништвото во Скопје Кеј „Димитар Влахов" бр. 9 на Семенскиот комбинат „Семенарна" — Љубљана, се преместува во Скопје од Кеј „Димитар Влахов" број 9 на улица „Партизанска" административна зграда број 5 во Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 344 од 21-IV-1967 година. (792)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните рег. бр. 719, страна 85, книга III е запишано следното: Претставништвото во Скопје на улица „99" број 16 на Трговското претпријатие „Чатал" — Штип, се преместува во Скопје од улица „99" број 16 на улица „Маршал Тито" бр. 51/1

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. 351 од 20-IV-1967 година. (796)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните рег. бр. 78, страна 225 е запишано следното: На досегашниот потписник на „Реплек" — претпријатие за промет со лекови — Скопје, Михајловски Панче, пом. директор, му престанува правото за потпишување, сметано од 13-IV-1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 184 од 21-IV-1967 година. (797)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните рег. бр. 444, страна 1291, книга I е запишано следното: На досегашните потписници на Тутуновиот комбинат „Благој Деспотовски Шовељ" — Скопје и тоа: Грчев Панче, Лазо А. Виларов и Јосип Денона им престанува правото за потпишување, бидејќи се разрешени од должност.

Им престанува правото за потпишување на Тутуновиот комбинат „Благој Деспотовски Шовељ" — Скопје на Стојче Костовски, како директор на производство и на Славко Костурлиев, како директор на производен погон, кои во иднина ќе потпишуваат на новите должности.

За нови потписници на Тутуновиот комбинат „Благој Деспотовски Шовељ" — Скопје се назначени следните лица: Славко Костурлиев, главен директор, Стојче Костовски, помошник директор, Софрониев Јанкуловски, директор на сметководен сектор и Кравиќ Гордана, шеф на сметководството, кои комбинатот ќе го потпишуваат задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето со стариот регистриран потписник Перо Тодоровски, раководител на комерцијален сектор, сметано од 15-III-1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 243 од 27-IV-1967 година. (798)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 6-IV-1967 година страна 286, реден број 6 е запишано подведувањето под присилна управа на Занаетчиско-услужниот центар „Нов живот" од Штип.

За присилен управник е назначен Ташко Пеливанов, кој е овластен да ја претставува и потпишува истата.

Правото за потпишување на досегашниот директор Ванчо Телетански му престанува.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа поднесената пријава број 28 од 4-III-1967 година од страна на присилниот управник на Центарот и решението бр. 05-2062 од 3-IV-1967 година, на Собранието на општината Штип.

Од Окружниот стопански студ во Штип, Фи. бр. 113/67. (726)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 3-III-1967 година, страна 282, реден број 18 е запишано следното: Досегашната погонска работна единица Механички услуги при Земјоделско-индустрискиот комбинат „Овче Поле" — Св. Николе се проширува и со нова дејност и ќе гласи: Погон за набавка и продажба на репроматеријали; резервни делови; гориво и мазиво; механизација, механички и транспортни услуги, со седиште во Св. Николе.

Погонот ќе ги обавува следните дејности: набавка и продажба на резервни делови и потрошен материјал; на механизација (со сите приклучни машини, транспортни средства и др.); на репроматеријали (ѓубрива од домашно производство како и увозни, семенски материјали, средства за заштита, сточна храна, нафта и нафтени деривати и др.; вршење на механички услуги преку постоењето на механичката работилница, транспортни услуги и вршење на сервиси на земјоделска механизација.

Раководител на погонот е Велко Стојчевски, кој не е овластен да го потпишува, бидејќи истиот не е самостоен (во состав на комбинатот).

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 342 од 27-I-1967 година на централниот работнички совет на комбинатот.

Од Окружниот стопански студ во Штип, Фи. бр. 55/67. (721)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 28-IV-1967 година, страна 287, реден број 9 е запишано следното: им престанува правото за потпишување на досегашните потписници при Фабриката за лесна модна конфекција при работната заедница на производителите на текстил „Македонка" — Штип и тоа на: Никола Петре Пеков, шеф на сметководство и Ристо Спиров Бочваров.

Престанувањето на правото за потпишување на потписниците е запишано во регистарот врз основа поднесената пријава бр. СП/ПС од 4-IV-1967 година од страна на директорот на работната заедница.

Од Окружниот стопански студ во Штип, Фи. бр. 110/67. (727)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 19-III-1967 година, страна 282, реден број 19 е запишано присоединувањето на Земјоделската задруга „Овче Поле" од Св. Николе кон Земјоделско-индустрискиот комбинат „Овче Поле" од Св. Николе и станува негов погон.

Новиот погон ќе ја носи оваа фирма: Погон за производство, кооперирање, откуп и продажба на земјоделско-сточарски производи, со седиште во Св. Николе.

Погонот ќе ги обавува следните дејности: производство на житарици, фуражни, индустриски и други култури на сопствени површини, производство и манипулација на тутун; кооперирање со индивидуални производители во земјоделско и сточарско производство; обавување на прометот на големо и мало, ќе врши откуп и реализација на селско-стопански производи на големо и мало; откуп на жива стока и сточни производи на големо и мало, како и преработка и реализација на истите; откуп и реализација на волна и кожи на големо и мало; на индустриски производи, маслодајни растенија, лековите билки и др.; откуп и продажба на овошје и зеленчук, набавка и продажба на индустриски, прехранбено-колонијални и други мешовити артикли.

Погонот е самостоен со своја посебна жиросметка.

Погонот ќе го потпишуваат Здравко Санев Јорданов, управник, Љубе Ванев Јовев, шеф на сметководство и Ѓорѓи Стоилов Наумов, комерцијален директор.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 826 од 30-XII-1966 година на задружниот совет на задругата.

Од Окружниот стопански студ во Штип, Фи. бр. 33/67. (722)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 28-IV-1967 година, страна 287, реден број 11 е запишано дополнувањето на потписниците на Фабриката за лесна модна конфекција при Работната заедница на производители на текстил „Македонка“ од Штип и тоа Трајко Стојан Цолев, в.д. раководител на финансов сектор и Наков Никола Димитар, технички директор, чии потписи ќе важат колективно.

Дополнувањето на потписниците е запишано во регистарот врз основа решението бр. 62/РС од 5. IV. 1967 година, на работничкиот совет на фабриката.

Од Окружниот стопански студ во Штип, Фи. бр. 121/67. (728)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 26-IV-1967 година рег. број 14/55, книга II е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Атанасовски Борис, шеф на сметководството на Трговското претпријатие за промет со огревен и градежен материјал „Јасен“ од Прилеп.

Се овластува Тарунџиевска Марика, в.д. шеф на сметководството, покрај досегашниот потписник Илиоски Добре, да го потпишува претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 112/67. (742)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 26-IV-1967 година рег. бр. 123/55, книга II е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Коста Н. Митревски, шеф на книговодството на Инвалидското претпријатие „Прилеп“ од Прилеп.

Се овластува Богатиноска Љубица, шеф на книговодство, покрај досегашниот потписник Божиноски Љубе, директор, да го потпишува претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 113/67. (743)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 8-IV-1967 година рег. бр. 4/57, книга II е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Велески Љубен директор на Дрвно-индустрискиот комбинат „Црни Бор“ од Прилеп.

Се овластува Ѓоргиевски Благоја, дипломиран инженер, директор, покрај досегашниот потписник Трајковски Бранко, финансов директор, да го потпишува комбинатот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 88/67. (744)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 7-IV-1967 година, рег. бр. 7/61, книга I е запишано следното: Досегашниот раководител на Откупната станица во Ресен, на Претпријатието за промет со кожи и волна „Црна Река“ од Битола, Сандре Теговски се менува, а на негово место за раководител и потписник е поставен Казанџиски Томе.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 80/67. (745)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 8-IV-1967 година, рег. бр. 2/57, книга III е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Деребан Наум, в.д. директор на Автотранспорт и шпедиција „Струга“ од Струга.

Се овластува лицето Недески Неде, шеф на сметководството, покрај досегашниот потписник Казимоски Фуат, кој е именуван за директор, да го потпишува претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 93/67. (746)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 8-IV-1967 година, рег. бр. 62/55, книга III е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Ристо Николоски на Земјоделската задруга „Фадил Виница“ с. Велешта, Струга.

Се овластува лицето Јакуп Речи, шеф на сметководството, заедно со поранешниот потписник Муча Муса, да ја потпишува задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 76/67. (747)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 14-III-1967 година, рег. број 13/61, книга I е запишано следното: Механичко-браварската работилница „Металец“ од Прилеп, престанува со својата работа и се брише од регистарот на стопанските организации, кој го води овој суд, поради присоединување кон Земјоделскиот комбинат „Прогрес“ од село Долнени.

Оваа промена е извршена врз основа одлуката бр. 67 од 31-I-1967 година од работничкиот совет на Механичко-браварската работилница „Металец“ од Прилеп и одлуката бр. 16 од 3-II-1967 година од работничкиот совет на Земјоделскиот комбинат „Прогрес“ с. Долнени.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 34/67. (749)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 25-IV-1967 година, рег. бр. 52/55, книга I е запишано следното: Се проширува дејноста на Земјоделската задруга „Единство“ од с. Цапари, уште со вршење услуги со транспортните средства со кои располагаат, само за свои задругари или кооперанти.

Оваа промена е извршена врз основа одлуката бр. 43 од 1-IV-1967 година од задружниот совет на Земјоделската задруга „Единство“ с. Цапари.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 83/67. (750)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 26-IV-1967 година, рег. бр. 2/62, книга I е запишано следното: Се проширува дејноста на Трговското

претпријатие на големо „Прехрана" од Битола, уште со промет на мало со жива стока на пазарот.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката од 18-XI-1966 година од работничкиот совет на Трговското претпријатие „Прехрана" од Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 110/67. (751)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 8-IV-1967 година, рег. бр. 25/56, книга II е запишано следното: Се проширува дејноста на Земјоделското стопанство „Мише Ефтимов" од Крушево и со: производство на земјоделски производи за пазар и сопствена репродукција; производство на сточни производи и подмладок за приплод; овошје, грозје и зеленчук; на алкохолни и безалкохолни пијалоци; кооперација со индивидуални земјоделски производители; откуп на земјоделско-стопански производи и услуги со земјоделска механизација со кооперација и вон кооперација во општината и вон општината.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 82/67. (752)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 18-IV-1967 година, рег. бр. 22/62, книга I е запишано следното: Се проширува дејноста на Земјоделскиот комбинат „Прогрес" од село Долнени уште со промет со селско-стопански производи, колонијални стоки и предмети за кукна потреба.

Оваа промена е извршена врз основа одлуката бр. 161 од 3-II-1967 година од работничкиот совет на Земјоделскиот комбинат „Прогрес" од с. Долнени.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 96/67. (753)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните рег. бр. 440, страна 609, книга II е запишано следното: Дејноста на Шумско-индустрискиот комбинат „Страшо Пинџур" — Кавадарци се проширува и со: продажба на мало на сите производи што ги произведува (сечена граѓа, шпер плочи, иверасти плочи, племенити фурнири, оплеменети иверасти плочи, градежна столарија, монтажни делови, огревно дрво, јамска граѓа, делана граѓа, дужици, вар, галантерија и др.), согласно одлуката на работничкиот совет и елборатот за економска оправданост.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 419 од 12-V-1967 година. (819)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните рег. бр. 458, страна 747, книга III е запишано следното: Дејноста на Работната организација за занаетчиски услуги „Напредок" — Неготино, се проширува и со производство на жици и жичани производи, согласно одлуката бр. 972 од 6-V-1967 година на работничкиот совет и елаборатот за економска оправданост.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 438 од 12-V-1967 година. (820)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатитја и дуќаните рег. бр. 141, страна 621, книга II е запишано под фирма: Трговско претпријатие на големо и мало за промет со селско-стопански производи и прехранбени артикли „Вардар" — Неготино, Претставништво во Скопје, ул. „Гоце Делчев" бр. 20.

Предмет на работењето на претставништвото е: трговија на големо и мало од сите видови стока за широка потрошувачка и тоа: граѓа и градежни материјали, железарија, хемикалија, емајлирани садови, стакло, стакларски производи, радио и телевизиски апарати, електрични уреди и кукен намештај.

Претставништвото е основано од работничкиот совет на Трговското претпријатие на големо и мало за промет со селскостопански производи и прехранбени артикли „Вардар" — Неготино со одлука бр. 15 од 4-I-1967 година.

Раководител на претставништвото е Глигоровски Димитров Глигор.

Претставништвото ќе го потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 347 од 9-V-1967 година. (824)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатитја и дуќаните рег. бр. 663, страна 907, книга II е запишано следното: Дејноста за внатрешен промет на „Семе Вардар" — специјализирано семенско претпријатие за увоз-извоз — Скопје, се проширува согласно одлуката на работничкиот совет од одржаната седница од 7-III-1967 година и елаборатот за економска оправданост и со промет со зрнени земјоделски производи и сточна храна.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 393 од 9-V-1967 година. (827)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните рег. бр. 1028, страна 97, книга V е запишано следното: Досегашниот раководител на Продавницата — Стовариште во Скопје во близината на Хемиската индустрија „Пролетер" — Скопје на Шумскоиндустрискиот комбинат „Горњи Ибар" — Рожај, Кожуваров Димитар, в.д. раководител е разрешен од должноста и му престанува правото за потпишување. За раководител на истото е назначен Јовановски Владимир, кој продавницата — стовариштето ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано од 4-V-1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 424 од 12-V-1967 година. (831)

---

# КОНКУРСИ

## УПРАВНИОТ ОДБОР ПРИ РУДНИЦИ И ИНДУСТРИЈА ЗА ХРОМ, АНТИМОН И АРСЕН „РАДУША" — ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

распишува

### КОКУРС

за пополнување на работното место:

РАКОВОДИТЕЛ НА КОМЕРЦИЈАЛЕН СЕКТОР

УСЛОВИ: Завршен рударски или економски факултет со над 10 години практика во рударската дејност или

— рударски техничар со работен стаж над 15 години во струката.

Под еднакви услови, предност имаат лицата кои се во работен однос со оваа работна организација.

Личен доход според правилникот за распределба на личните доходи на работниците при работната организација.

Кон пријавата за конкурсот со куса биографија, кандидатите се должни да достават оверен препис од дипломата, односно свидетелството и потврда за проведениот работен стаж.

Пријавите ќе се примаат 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот при кадровската служба на работната организација во Ѓорче Петров.

Учесниците на конкурсот за резултатите од изборот, ќе бидат известени 10 дена по донесувањето на одлуката. (420)

**ЖЕЛЕЗНИЧКОТО ТРАНСПОРТНО ПРЕТПРИЈАТИЕ — СКОПЈЕ**

Врз основа на чл. 4 од Правилникот за начинот и постапката за отстапување изградба на инвестициони објекти („Службен лист на СФРЈ" бр. 28/67.

распишува

**КОНКУРС**

(јавно наддавање)

ЗА ИЗГРАДБА НА ТЕХНИЧКО-ПАТНИЧКА СТАНИЦА СО ЛОКОМОТИВСКИ ДЕПО и тоа:

а) долен строј со придружни објекти,

б) надворешен водовод,

в) надворешна канализација со црпна станица и

г) уградување на горен строј со материјали набавени од инвеститорот.

Се покануваат заинтересираните градежни претпријатија да поднесат понуди за изведување на предметните работи до Железничкото транспортно претпријатие — Погон за инвестиции — Скопје, на аголот на улиците „250" и „252" б. б.

Јавното надавање ќе се одржи во службените простории на Погонот за инвестиции на 22 март 1968 год. во 10,00 часот.

Пресметковната вредност на работите изнесува 18.151.672,00 (осумнаесетмилиони стопедесет и една илјада шестотини седумдесет и два) нови динари.

Изработката на предметниот објект треба да отпочне на 15 април 1968 год.

Срок за завршување на работите од предметниот објект е како следи:

а) работите наведени под „а", „б" и „в" е 30 септември 1969 год. и

б) работите наведени под „г" е 30 мај 1970 год.

Заинтересираните претпријатија кон понудата треба да поднесат:

а) доказ за регистрација,

б) доказ за расположивите капацитети,

в) доказ за свои референци за изградени такви и сл. објекти,

г) преглед на ангажираноста во текушти работи,

д) податоци за финансиската положба на претпријатието според последната завршна сметка,

ѓ) полномошно за претставникот кој полноважно ќе го застапува претпријатието на јавното наддавање,

е) потврда за положена кауција во висина од 1% од претсметковната вредност на објектот.

Увид на техничката документација може да се добие во просториите на Погонот — Сектор за изградба на Скопскиот јазел, и тоа до завршување на конкурсот секој ден од 9,30 до 14,30 часот, освен во сабота и недела.

Учесниците на Конкурсот ќе бидат известени во срок од 15 (петнаесет) дена по одржаното јавно наддавање, за тоа дали е и која понуда е прифатена.

Информации можат да се добијат лично или преку телефон 34-021 до 34-025 локал 216 или 274.

**ЖЕЛЕЗНИЧКОТО ТРАНСПОРТНО ПРЕТПРИЈАТИЕ — СКОПЈЕ**

Врз основа на чл. 4 од Правилникот за начинот и постапката за отстапување изградба на инвестициони објекти („Службен лист на СФРЈ" бр. 28/67)

распишува

**КОНКУРС**

(јавно наддавање)

за изградба долен строј со придружни објекти на товарна железничка линија од ранжирна станица (Ранжирно-отпремна група) до железничка станица Маџари и тоа од км. 0+590 км. 3+892.

Се покануваат заинтересираните градежни претпријатија да поднесат понуди за изведување на предметните работи до Железничкото транспортно претпријатие — Погон за инвестиции, на аголот на улиците „250" и „252" бб.

Јавното наддавање ќе се одржи во службените простории на Погонот за инвестиции на 22 март 1968 година во 8,00 часот.

Претсметковната вредност на работите изнесува 5.172.862 (пет милиони сто седумдесетидве илјадиосумстотшеесет и два и 50/100) нови динари.

Изградбата на предметниот објект треба да отпочне на 15 април 1968 година.

Срок за комплетно завршување на работите од предметниот објект е 30 јуни 1969 година.

Заинтересираните претпријатија кон понудата треба да поднесат:

а) доказ за регистрација,

б) доказ за расположивите капацитети,

в) доказ за свои референции за изградени такви и сл. објекти,

г) преглед на ангажираноста во текушти работи,

д) податоци за финансиската положба на претпријатието според последната завршна сметка,

ѓ) полномошно за претставникот кој полноважно ќе го застапува претпријатието на јавното наддавање,

е) потврда за положена кауција во висина од 1% од претсметковната вредност на објектот.

Увид во техничката документација може да се добие во просториите на Погонот — Сектор за изградба на Скопски јазел, и тоа до завршување на конкурсот секој ден од 9,30 до 14,30 часот освен во сабота и недела.

Информации можат да се добијат лично или преку телефон 34-021 до 34-025 локал 216 или 274.

Учесниците ќе бидат известени во срок од 15 (петнаесет) дена по одржаното јавно наддавање, за тоа дали е и која понуда е прифатена. (421)

**СОДРЖИНА**

Страна

46. Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на образованието и воспитувањето — — — — — — — 65

47. Одлука за потврдување Статутот на Заводот за унапредување на сточарството на СР Македонија — Скопје — — — — 65

48. Одлука за потврдување Статутот на Републичката заедница на образованието — 65

49. Упатство за начинот на имунизацијата и контролата на резултатите од имунизацијата против определени заразни болести — 66

50. Договор за социјално осигурување на возачите — — — — — — — — — 73

51. Одлука на Уставниот суд на Македонија У. бр. 57/67 од 13 февруари 1968 година — 75

**Исправка** на Законот за ревалоризација на средствата на работните организации од општествените дејности — — — — — 75

**Исправка** на Законот за стопите на амортизацијата и за користењето на средствата на амортизацијата во работните организации од општествените дејности — — — 76

**Издавач: „Службен весник на СРМ" — издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 ноември" бр. 10-а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 401-1-16 кај Службата на општественото книговодство. Печат: Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**